**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ„ГРАДЕЖНИШТВО ВО РУДАРСТВОТО" ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО РИБАРОВСКИ И ПРОФ. Д-Р НИКОЛИНКА ДОНЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1702-202/6 од 31.8.2017 година на редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на ден 30.8.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Зоран Десподов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,
- проф. д-р Атанас Филиповски, редовен професор во пензија, Градежен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ГРАДЕЖНИШТВО ВО РУДАРСТВОТО**" од **проф. д-р Ристо Рибаровски и проф. д-р Николинка Донева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Доставениот ракопис целосно ја покрива Наставната програма по предметот Градежништво во рударството на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетт „Гоце Делчев". Предметот за којшто е наменет овој учебник се слуша во втора година, во трети семестар, на насока Рударство, со неделен фонд 2+1+1. Ракописот овозможува запознавање на студентите со основите на градежништвото, како стопанска гранка и наука и неговата примена во рударството. Истиот претставува солидна основа за совладување на предметната програма.

Материјалот е изложен прегледно и концизно, со низа графички прикази, што овозможува полесно да се разбере и усвои од страна на студентите.

Текстот содржи 183 страници систематизирани во 2 дела и тоа:

I. ПРВ ДЕЛ и
II. ВТОР ДЕЛ.

**Првиот дел** се состои од следниве поглавја:

1. Градежни материјали
2. Патишта и железнички пруги
3. Дрвени конструкции
4. Ѕидани конструкции
5. Бетони и бетонски конструкции
6. Челични конструкции
7. Механика на почви и фундирање во градежништвото.

Во *првото поглавје* е даден краток осврт на основните градежни материјали што се користат во рударството.

Во *второто поглавје* се дадени основните карактеристики на патиштата и железниците, како и основните елементи и потребната техничка документација за нивно проектирање.

Во *третото поглавје* со наслов *Дрвени конструкции* е претставено дрвото како дел од дрвените конструкции, со неговата структура, хемиски состав и механички и технички својства. Потоа е дадена поделбата и класификацијата на дрвото, стабилноста на конструктивните елементи од дрво, како и посебен осврт на дрвените ѕидови и покривните конструкции.

Во *четвртото поглавје* со наслов *Ѕидани конструкции* е претставен: развојот на ѕиданите конструкции, материјалите застапени во ѕиданите конструкции, видовите на конструктивни и неконструктивни елементи во ѕиданите конструкции. Потоа е дадена поделбата на ѕидови според начинот на ѕидање, видовите ѕидани конструкции според присуството на арматура, конструктивните системи и основни услови за проектирање на ѕиданите конструкции.

Во *петтото поглавје* со наслов *Бетон и бетонски конструкции* многу сликовито и детално е опишана технологијата за добивање на бетон, неговите составни делови, видовите на бетон, како и челикот кој се користи за армирање на бетонските конструкции.

Во *шестото поглавје*, кое авторот го нарекува *Челични конструкции*, најнапред се дадени предности и недостатоци на челичните конструкции, видовите градежни челици, механичките својства на челикот, видовите на товари, како и видовите на челични полупроизводи, спојните средства и поделбата на носачите кај челичните конструкции.

Во *седмото поглавје* насловено како *Механика на почви и фундирање во градежништвото* најнапред е претставена почвата како градежен материјал, со нејзините својства, потоа предметот и задачите на механиката на почви, истражувањето на почвите и нивната носивост. Додека во делот за фундирање се претставени темелите како основа на секој објект и тоа преку видовите на темели, обезбедување на темелните јами и нивен ископ, како и ископ под соодветна заштита.

**Вториот дел** од овој учебник е посветен на примената на градежните конструкции во рударството. Посебен осврт е даден на: заштитните градежни конструкции (потпорни ѕидови и обложни ѕидови), градежните објекти на сообраќајниците, бункерите, извозните кули, сепарациите, лентестите транспортери, столбовите за жичарница, далноводите, бараките, управните и станбените згради.

Овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме да го прифати позитивно рецензираниот ракопис „Градежништво во рударството" од авторите проф. д-р Ристо Рибаровски и проф. д-р Николинка Донева, како редовен учебник по истоимениот предмет и да одобри негово издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Зоран Десподов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Атанас Филиповски, редовен професор, с.р.**